**20221502013**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2022 година.

Бр. 08-2953/1
27 јуни 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**

Член 1

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), во член 141 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, здравствените работници со високо образование од областа на медицината кои на денот на поведувањето на постапката за запишување на специјализација од високообразовната установа што ја спроведува специјализацијата, се вработени во здравствена установа или во друго правно лице кое врши здравствена дејност, можат да специјализираат ако, покрај условите од ставот (1) на овој член, имаат и најмалку шест месеци работен стаж во струката како здравствен работник со високо образование или имаат работно искуство во здравствена установа подолго од шест месеци како здравствен работник со високо образование.“.

Ставот (3) станува став (4).

Член 2

Започнатите постапки за одобрување за упатување на специјализација на здравствените работници со високо образование од областа на медицината согласно со Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12,

87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.